или согласувајќи се со мислењата на своите советски колеги по тие прашања. Освен тоа, Вагин се одликува со тоа што своите теоретски преокупации, ставови и определби ги поткрепува и со бројни илустрации, или со конкретен материјал, односно со упатство за наставникот. Исто така една од одликите на оваа методика е што не малу прашања се разработени и врз основа на емпириски проучувања, односно врз резултатите на експерименталните проверувања на знаењата на учениците во ленинградските, киевските и тулските училишта. Вагин, освен ова, дава и оценка на одделни прашања што се обработени во учебниците по историја што се во употреба во Советскиот Сојуз.

Во смисла на овие укажувања, ние можеме да тврдиме дека во „Методиката на наставата по историја во училиштата" од Вагин, наоѓаме на нови теоретски импулси и тоа по одредени прашања на оваа настава. А нашиот интерес за овој негов труд е дотолку поголем што авторот има прилично критички приод на некои ставови на претходниците и неговите современици по оваа проблематика во Советскиот Сојуз.

**В. К.**

**Л. Н. Боголюбов, Е. А. Израилович, Н. В. Попов, И. П. Рахманова — МЕТОДИЧЕСКОЕ ПОСОБИЕ ПО НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ** — Пособие для учителей — Москва „Просвещение" 1972, стр. 415

Советската литература по методика на наставата по историја одамна ни е позната и по своите „пособија" — учила, односно прирачници — наменети за наставниците по историја. Овие прирачници се пишувани за сите степени на наставата по историја и класови. Во нив се обработени темите, односно наставните содржини предвидени во наставните програми и според соодветните учебници и историските читанки кои се во употреба во Советскиот Сојуз. Составувачи на вакви прирачници обично се авторите на соодветните учебници кои, впрочем, се и најповикани и должни да ги прокоментираат од методска гледна точка наставните содржини во нивните учебници.

Поради тоа овој вид литература од методиката на наставата по историја е многу баран од наставниот кадар, бидејќи дава конкретни упатства во микропланирањето, т.е. во организацијата на наставните единици. Некои од нив многу пати се преиздавани, дополнувани и сообразувани секако спрема новите изданија на учебниците, како што е, на пример, прирачникот (пособието) за историјата на новиот век од Јефимов.

Насловниот прирачник го привлече нашето внимание посебно заради материјалот што го обработува — најновата општа историја (од Октомвриската социјалистичка револуција, речиси, до наши дни).

Во првите две глави се изнесени задачите на најновата историја во системот на образованието и воспитувањето на наставата по ис-

торија во Советскиот Сојуз, како и „општите методски услови" за нејзината обработка. Во останатите глави (од III до XI) се обработени партиите, односно методските целини предвидени според наставната програма, односно онака како се конкретизирани во учебникот. Авторите се погрижиле за секоја одделна партија да ги изложат образовно-воспитните задачи кои произлегуваат од соодветната наставна содржина што е од особено значење за наставникот зашто може директно да се користи при подготовка на часовите, независно од методската постапка, наставните средства за кои се определил и од условите за наставната работа. Освен тоа, секоја методска целина е обработена преку определбата и формулацијата на главните точки (план на темата), со коментари во поглед на интерпретацијата на наставниот материјал и свртување внимание за потенцирање на одделни места, прашањата, заклучоците и сл., кои се од посебно значење за реализирање на образовно-воспитните задачи.

Се разбира, повеќето наставни теми во прирачникот содржат и методски препораки и методска апаратура кои се однесуваат и за другите елементи на наставниот час за основна обработка на материјалот (прашања за уводниот и преговорниот дел на часот, користење на историски текстови-документи или историска белетристика, постапка при обработка на одделни места, дури и упатства за обработка на одделни историски документи, за користење на нагледен материјал и др.).

Авторите се оградуваат од помислата дека понудените решенија или варијанти на обработката на одделните наставни теми, како и другите препораки, се единствени. Напротив, тие треба да се сметаат како една или повеќе можности за постапка, со насломнување дека наставникот кој „творечки работи" треба да го одбере „најпогодното за часот и да го внесе во неговата содржина своето искуство" сообразувајќи се според конкретните услови.

Ги соопштуваме насловите на одделните глави со оглед на постојниот интерес, бидејќи се сврзани со конкретната разработка на годишниот план за наставна работа на најновата историја.

Така, глава III се однесува за партијата: „Подем на револуционерното движење во капиталистичките земји и пораст на национално-ослободителното движење во колонијалните и зависните земји по Великата Октомвриска социјалистичка револуција. Версајскиот систем" (стр. 31—69); глава IV го носи насловот: „Странските земји од 1924 до 1939 година" (стр. 69—145); глава V: „Втората светска војна" (од 145 до 180 страна); во глава VI е обработена темата: „Формирање и развиток на светскиот социјалистички систем" (од 180 до 256 страна); „Главните капиталистички земји по Втората светска војна" е тема на VII-та глава (стр. 256—320); темата на VIII глава гласи: „Подем на национално-ослободителната борба на народите на Азија и Африка. Распаѓањето и паѓањето на колонијалниот систем на империјализмот". (стр. 320 до 364); Темата: „Подем на антиимперијалистичката борба на народите од Латинска Америка" е обработена во глава IX (стр. 364 до 375); Глава X е по-

светена на темата: „Меѓународните односи по Втората светска војна. Движењето на народите за мир (стр. 375 до 392); и последната XI глава е посветена на темата: „Меѓународното комунистичко и работничко движење“ (стр. 392 до 412).

Просторот не ни дозволува да ги наведеме и темите на методските единици.

Покрај распоредот на материјалот, нашиот наставник по историја ќе најде прилично систематизиран фактографски материјал. Исто така позициите од кои им се приоѓа на светските стопански, социолошки и политички процеси и настани кои се одвивале во овој период се мошне блиски и имаат мошне допирни точки, односно не се разликуваат од резултатите до кои дошла југословенската историографија на најновата историја. Се разбира, постојат за одделни прашања и забележителни разлики, а некои ставови не можат сосем да се прифатат. Овие забелешки се однесуваат главно за местото и улогата на југословенските народи и народности и на интерпретацијата на нивната борба пред и во текот на Втората светска војна, а и во повоениот социјалистички развиток на Југославија.

На пример, во прирачникот не се споменува за нашата земја во времето на воеиото настапување на силите на Оската на Балканот, посебно на Хитлерова Германија. Овде мислиме во прв ред на настаните сврзани за 25 и 27 март 1941 година, потоа на Априлската војна и за значењето на овие настани во Југославија дури и за самиот Советски Сојуз, во поглед одложувањето планот „Барбароса“. Исто така, неоправдано и неправилно е поидентификувањето на нашата Револуција со она што стана во Бугарија на 9 септември 1944 година (стр. 181).

Освен тоа, нашата Револуција не е резултат на „револуционерната ситуација којашто се создала кон крајот на војната што се излила во револуција...“ (пак таму), бидејќи многу добро е познато од кога и во какви услови кај нас отпочнала Народноослободителната војна и револуционерните процеси во таа војна. Ова дотолку што во методската единка во прирачникот под наслов „Социјалистичка федеративна Југославија“ (страна 217) авторот констатира дека „Ослободителната војна на која раководна сила била работничката класа и нејзината комунистичка авангарда се слеала во Југославија во социјалистичка револуција“.

На истата страна не е точен податокот дека другарот Тито станал генерален секретар на Централниот комитет на КПЈ во 1940 година.

Во споменатата методска единица (во која во прирачникот на нашата земја ѝ е посветена само $1^1/_2$ стрница) кога се говори за нашето стопанство не се нагласува неговиот социјалистички карактер, ниту се споменува нашиот социјалистички самоуправен систем како основен белег на нашиот социјалистички систем и општествените односи, како придобивка на нашите работни луѓе.

Освен ова авторот на овој текст дава едно симптоматично упатство до наставниците при обработката на оваа методска единица, имено: „Говорејќи за успесите во развојот на стопанството и на кул-

турата не може (не смее), а да не се одбележат и тешкотиите кои ги има Југославија и противречностите во нејзиниот развиток“. Како одговор ние ќе напоменеме дека за тие тешкотии најмногу се говори токму во нашата земја. Тие прашања не се заобиколуваат, туку се укажува на нив со цел да се надминат. Впрочем, тие се придружна дури и неизбежна појава во изградбата на социјалистичкото стопанство и стопанисување и социјалистичките општествени-продуктивни односи, и тоа не само во Југославија.

Меѓутоа, на ова место ние ќе нагласиме дека во наставните програми, учебниците или прирачниците, како и во упатствата за реализација на наставните содржини кај нас во Југославија вакво апострофирано упатство не постои за било која социјалистичка земја.

Впрочем, оваа наша опсервација ние ја поврзуваме и со неизбежното наспоменување на авторите во овој прирачник (стр. 249) каде доследно го читаме и следново: „Само марксизмот-ленинизмот бара земање предвид на националните особености и не допушта механичко копирање на политиката и тактиката на комунистичките партии на другите земји“.

Покрај одбележувањата за надворешната политика на Југославија главно на планот на соработката со СЕВ и на советско-југословенските односи, што секако треба да наоѓа место не само во советските туку и во југословенските учебници и прирачници по историја, ние би сакале во учебниците во Советскиот Сојуз да се говори и за неврзаната надворешна политика на Југославија и нејзиниот придонес во борбата за мир, како што е тоа во овој прирачник, на пример, одбележано за Индија (стр. 333). А таквата политика на Југославија во својата суштина е антиимперијалистичка и дел од светската борба за мир, та заради тоа и таа не би требало да остане надвор од информирањето на младите во Советскиот Сојуз.

**В. К.**